OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38, став 1, точка 9 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 17.5.2018 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за назначување на Друштво за ревизија на работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година

1. За друштво за ревизија на работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година се назначува друштвото Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје (Ernst & Young).

2. Се овластува Управниот одбор на Банката со друштвото за ревизија од членот 1 од оваа одлука да склучи договор во кој ќе се определат обемот, условите и надоместокот за извршената услуга.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. 0201-39075/10**
**17.5.2018 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Кон Одлуката за назначување на Друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година

Согласно Законот за банки (Сл.весник бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16) и Статутот на Банката, на своето годишно собрание Банката избира Друштво за ревизија на работењето на Банката.

Предлогот за избор на Друштво за ревизија го дава Одборот за ревизија на Банката, а го одобрува Надзорниот одбор на Банката.

Банката е должна да ја извести Народната банка за назначувањето на Друштвото за ревизија во рок од 15 дена од денот кога го определила.

Согласно член 105 став 5 од Законот за банки, исто друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка.

На одржаната седница на ден 15.2.2018 година Одборот за ревизија на Охридска банка АД Скопје предложи Друштвото Ернст & Јанг овластени ревизори ДОО Скопје (Ernst & Young), да изврши проверка и оцена на годишните финансиски извештаи и трговски книги на Банката за календарската 2018.

Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје на одржаната седница на ден 15.2.2018 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштво за ревизија за работењето на Банката за 2018 година и го достави до Собранието на банката.